РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2537/7
04-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по барање мислење поднесено од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60 – та седница одржана на ден 28.01.2022 година донесе

**Одлука**

Предметот заведен под број 09-2537/1 од 23.07.2021 година оформен врз основа на добиено барање за мислење за тоа дали има судир на интереси кај лицето -------- ------ вд Директор на ----- „------- ------“ --- и член на УО на -- -------- на РСМ – Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди дека е настаната повреда на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, но после преземени дејствија од страна на ДКСК надмината е состојбата и ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-2537/1 од 23.07.2021 година е оформен врз основа на добиено барање за мислење за тоа дали лицето ------ ------- која неодамна била именувана од страна на Министерството за образование и наука за вд Директор на ----- „----- ------“ ---, а од 2018 година била и член на УО на -- -------- на РСМ – Скопје, именувана од Министерството за култура. Покрај тоа, истата била и селектор на музичката програма на Фестивалот ------- ----. Барањето мислење е доставено од страна на -- -------- на РСМ – Скопје.

Државната комисија, по разгледување на доставеното барање за мислење под горенаведениот број, го даде следното мислење:

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите во членот 44 став 4 се дефинира забраната за вршење на други дејности, и тоа:

„Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“

Оттука произлегува дека проф. ------ ---- која е именувана за ВД директор на ----- „------ ------- - --- “, **не може** истовремено да биде член на Управниот одбор на -- -------- на РСМ, затоа што управниот одбор е орган на управување во институцијата.

Ваквата состојба е спротивна на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите и со истата се предизвикува состојба на кумулација на функции.

По дадено мислење, ДКСК се обрати до -- -------- со барање податоци за тоа дали лицето ------- -------- сеуште ја извршува функцијата член на Управен одбор на -- ------- на РСМ, по што -- -------, ја извести ја извести ДКСК дека Министерството за ----- има донесено Решение за разрешување на член на Управниот одбор на -- -- ------ на РСМ

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По издаденото мислење од страна на ДКСК и укажувањето дека лицето ------ ------ се наоѓа во состојба на кумулација на функции, истата се откажала од функцијата член на УО во -- -------, со што е надмината состојбата на кумулација.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК